МАЈ 2022 / БРОЈ 30 - ПУБЛИКАЦИЈА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ WWW.ZKOMORA.COM.MK

# ЗАНАЕТЧИЈА



РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДБИ СО КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ И ПРЕЗЕНТИРАНА ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ



РАБОТНА СРЕДБА НА СЕКЦИЈАТА ФРИЗЕРИ ПРИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РСМ



ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД



## Проектот ЕРАЗМУС + МАСТЕР 4.0

ВО ЗАВРШНА ФАЗА ОД РЕАЛИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОД ОД 2019-2022 ГОДИНА

**ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ**

**ОДРЖАНО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

**УЧЕСТВО НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ НА ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА**

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ**

**БАЗАРИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ**

**УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНА УШТЕ ЕДНА ОБУКА ЗА ФИЛИГРАН ВО ФИЛИГРАНТСКАТА РАБОТИЛНИЦА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА

ЗАНАЕТЧИИТЕ, САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ РЕГИСТРИРАНИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО, НЕМААТ ОБВРСКА ЗА УПИС НА ПОДАТОЦИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ ВО ЦРРСМ

## ИНТЕРВЈУ

ГОРАН ДОМАЗЕТОВ, ПОСЛЕДНИОТ ЧАСОВНИЧАР ВО СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА

ЗАНАЕТЧИИТЕ БАРААТ ИЗМЕНА НА ЗАКОНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА

## ЈАВНИ ПОВИЦИ

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ, САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА СО ДЕЛОВНО СЕДИШТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ

ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ НА МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ, САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА СО ДЕЛОВНО СЕДИШТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Предмет на јавниот повик е финансиска поддршка до 60.000 денари на поединечно барање на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и дсемејни земјоделски стопанства за следниве намени:

- Набавка на опрема и алати за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год,
- Дизајн на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата – веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год,
- Учество на регионални саеми (Србија, Грција, Бугарија, Албанија), за микро и мали претпријатија регистрирани не подоцна од 01.01.2015год,

**Право на учество на јавниот повик имаат:**

Микро и мали претпријатија регистрирани како ТП, ДООЕЛ, ДОО, или регистрирани субјекти како ЗАНАЕТЧИИ и СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО од лица со адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба или со регистрирано седиште на фирма на територија на Општина Гази Баба (предност ќе имаат оние со седиште и адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба и се од женски род) кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се регистрирани не порано од 01.01.2017 год, за микро и мали претрпијатија за првите две намени
- Да имаат минимум еден вработен на неопределено полно работно време.
- Намирено даночни обврски кон општина Гази Баба, државата и кон своите вработени
- Да не се вработени во Општина Гази Баба
- Да немаат претходно користено финансиски средства од истата програма во претходните години (со Образец – изјава заверена на нотар се потврдува оваа информација)

**Јавниот повик е објавен на веб страницата: www.gazibaba.gov.mk**

Барањата со комплетната документација во затворен плик се доставува до Архивата на Општина Гази Баба со НАЗНАКА – за Јавниот повик за финансиска поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства, на ул Архимедова 2, Скопје,најдоцна до 31.10.2022 година.

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО СЛЕДНИТЕ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ:

- АВТОМЕХАНИЧАР
- АВТОЕЛЕКТРИЧАР
- ФРИЗЕР
- КОЗМЕТИЧАР
- ОПТИЧАР
- БРАВАР
- ИНСТАЛАТЕР ЗА ГРЕЕЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА
- ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР И МОНТЕР
- ЕЛЕКТРОТЕХНИЧАР
- СЛАТКАР
- ПЕКАР
- ТАПЕТАР
- КРОЕЊЕ И ШИЕЊЕ

Еден од предизвиците на пазарот на труд е недостигот на квалификуван кадар со потребни практични вештини и компетенции. Во насока да се обезбеди иден кадар за стопанството Работодавачите доколку сакаат да земат ученик на практична обука потребно е да исполнат одредени стандарди во однос на стручен и друг кадар-ментор, односно да имаат кадар кој е сертифициран за работа со ученици. Согласно член 13 од Законот за стручно образование и обука надлежност на комората е организирање и спроведување на обуките на менторите и издавање на сертификат.

Согласно стандардот за стручен и друг кадар право на учество имаат лица кои се или работодавачи или вработени лица кај работодавачот, како и да има најмалку три години работно искуство во дејноста.

Подетални информации на тел. 02 3 237-850, 078 312134

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА

**Ве известуваме дека согласно одлуката на Советот на Град Скопје** бр.27-3053/1 од 03.04.2020 година висината на комуналната такса за реално оданочените занаетчии изнесува 1.300,00 денари, за паушално оданочените занаетчии изнесува 350,00 денари, а за вршителите на занаетчиска дејност регистрирани како ДООЕЛ и ДОО комуналната такса за фирма изнесува 4.000,00 денари.

Имаме информација дека голем дел од занаетчиите регистрирани согласно Законот за занаетчиство се задолжени со највисокиот износ и тоа 4.000,00 денари.

Сите занаетчии што се задолжени повеќе од висината на износот што е содржан во одлуката ќе треба да се обратат во Град Скопје за намалување на задолжувањето по издаденото решение, со себе да понесат решение од Занаетчиска комора Скопје, Тековна состојба од ЦРМ и паушално оданочените занаетчии решение за паушално оданочување од УЈП за 2022 година. За подетални информации обратете се на 02 3 237-850.

## ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ДО СИТЕ БАНКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРОВИЗИИТЕ ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ И ВРШИТЕЛИТЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

Занаетчиска комора Скопје поднесе барање до сите банки за намалување на провизиите и воведување бесплатно електронско банкарство на занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност . Ве известуваме дека ги добивме следните одговори:

1. Одговор од Халк банка со електронски плаќања 4 денари од налог и водење на сметка без надомест
2. НЛБ Тутунска Банка-бесплатно електронско банкарство од ноември 2021 до јануари 2022 година
3. Комерцијална банка –ослободување од трошоци за интернет банкарство од 01.10.2021 до 31.03.2022 година
4. ТТК Банка-издавање на дигитален сертификат без надомест

**Се надеваме дека понудите ќе бидат од Ваш интерес со цел намалување на трошоците за работење.**

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ НА МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР

ГИ ПОВИКУВАМЕ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ФРИЗЕРИ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1. Да имаат завршено средно образование од тригодишно, четиригодишно траење или потсредно образование и соодветна преквалификација доколку немаат диплома од средно стручно образование за фризер
2. Да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната дејност

**Да се пријават во Занаетчиска Комора Скопје на ул. Битпазарска бр.12 со пополнување на пријава за мајсторски испит за фризер.**

## ПРОДОЛЖЕН РОКОТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ ПРЕКУ МЕ ЗАКЛУЧНО СО 30.06.2022

Министерството за Економија на РСМ објави Јавен повик за кофинансирање на трошоци за занаетчии при што се предвидува надоместување на 40% од трошоците или максимум 100.000 денари направени за набавка на машини и алат по апликант.

Рокот за аплицирање на повикот е продолжен заклучно до 30.06.2022 година.

Во прилог е интервјуто со последниот занаетчија часовничар во Старата Скопска чаршија, Часовничар ОМЕГА - Горан Домазетов, објавено во Нова Македонија 23.09.2021 година

# „Се борам да го оживеам часовникот што мерел нечие време"

Горан Домазетов, последниот часовничар во Старата скопска чаршија




**Горан Домазетов е последниот часовничар во Старата скопска чаршија од четвртата генерација часовничари во своето семејство. Својот занает го наследил од татко си Владо Домазетов, татко му од својот вујко, а тој, пак, од неговиот дедо. Иако вели дека е семеен човек со две деца, неговиот син нема да го наследи во занаетот, бидејќи повеќе го привлекува информатиката, па тој го остава сам да одлучи со што ќе се занимава во животот.** Домазетов смета дека занаетот треба да се засака од мали нозе. За себе кажува дека се радува на секој поправен часовник и оти тоа многу го исполнува. Со искри во очите, голема возбуда и радост ги чека своите муштерии за да им го предаде поправениот часовник. Вели дека неговата радост е комплетна кога ќе ја сподели со сопствениците на поправените часовници. Го радуваат реакциите на луѓето, поради тоа што кога дошле во неговиот дуќан најпрвин имале само мала доза надеж дека часовникот, можеби подарок од драга личност или емотивно сеќавање на нешто, ќе биде поправен, а кога ќе го добијат назад заминуваат пресреќни.

**– Кога муштериите ќе ми донесат некој скап часовник за кој однапред имаат голема доза сомнеж дека ќе се поправи, па тој откако ќе го поправам повторно ќе проработи, за мене е исто како на доктор да му оставите пациент пред умирање, а тој ќе го врати во живот. Така се чувствувам и јас и се борам да го оживеам часовникот што мерел нечие време полно со настани и доживувања. Работам на него посветено и чинам мојата радост е уште поголема кога ќе му го предадам поправениот часовник на муштеријата и ќе го видам неговото радосно и задоволно лице. Ете, утре очекувам еден таков муштерија и едвај чекам да дојде тој момент** – со многу возбуда и чувства за својата работа раскажува часовничарот Горан Домазетов.

Тој се занимава со занаетот од 1989 година, а почнал да го учи уште како дете од својот татко Владо, кој бил признаен и познат часовничар во чаршијата, а занаетот на времето го усовршувал во Загреб. Тој потоа повеќе години работел во Белград, кај тогаш многу познатиот и голем мајстор, часовничарот Таќи Димитриевиќ, па така и тој самиот станал познат мајстор, чиј прв дуќан бил спроти црквата „Свети Димитрија", а потоа го отворил сегашниот во Старата скопска чаршија.

Горан завршил средно стручно училиште, по што станал машински техничар, а за да добие диплома за часовничар морал да полага стручен испит прецизна механика во тогашното училиште „Гоце Делчев", единственото, како што вели, од кое излегувале обучени лица за поправка на тогашните машини за пишување. За да го положи испитот, пред стручна комисија морал да поправи еден рачен часовник и еден будилник, а тој успешно го направил тоа.

**– Јас сум последниот часовничар во моево семејство и по мене нема кој да ме наследи во занаетот. Мојот син не го интересира занаетот, а за да си занаетчија треба да си и дуќанџија, цел ден да го поминеш во дуќан, а не пред дуќан. Се сеќавам дека во чаршијата бевме петмина часовничари и имаше редови од муштерии, кои носеа скапи часовници, како на редовно одржување така и на сервисирање. Работам веќе 32 години и морам да признаам дека и овој занает полека изумира, како резултат на потрошувачкото општество. Се продаваат евтини производи, а луѓето купуваат часовници дури и на зелените пазари, иако тие не се со некој квалитет, а сето тоа е поради нискиот стандард на граѓаните. Пандемијата се почувствува и во нашиот занает, бидејќи се намали бројот на муштерии, а оние, пак, што ни се редовни ако имаат два часовника едниот ќе го поправат, а другиот ќе го остават за некои подобри времиња. Дури и коженото ремче ако се изветвило, ако е зимно време некој ќе го носи под ракав, па можеби налето ќе го промени** – раскажува Домазетов.

Според него, ако досега можело да се заработи за да се издржува семејството, отсега натаму станува сè потешко, а како една од причините е и напредокот во технологијата. За да се опстои како занаетчија, вели тој, потребно е да се купат и нов алат и нови машини, а една пинцета што ја користат часовничарите чини 60 евра.

**– Ако знам дека месечно ќе поправам пет скапи часовници би ја купил и машината за чистење, која нам часовничарите ни е повеќе од потребна, а чини 18.000 евра. Во спротивно тешко е да вложите, а потоа да не заработувате. Машината за прецизност на часовникот, машината што го дава резултатот од поправката, на пример, го дава аголот под кој е наместен магнетот, чини 5.400 евра. Таа за нас часовничарите е исто така важна, ако не и најважна, но како да вложите, ако не знаете што ве чека. Со пандемијата, заработката е значително опадната, а доаѓа и зимно време кога во чаршијата е навистина мртво. Со туристите во летниот период е преубаво, но лани воопшто ги немаше, а годинава имаше понекоја група од Полска или од Турција и толку. Добро е ако издржиме до пензија, да се надеваме** – со доза огорченост додава Домазетов.

# ЗАНАЕТЧИИТЕ БАРААТ ИЗМЕНА НА ЗАКОНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА

***Сè поголем број занаетчии алармираат дека поради неработната недела значително им се намалуваат можностите за остварување профит, поради што стравуваат од целосно затворање на своите дуќани. Некои од занаетчиите истакнуваат дека во согласност со законот, за голем дел од професиите нема никаква можност да работат во недела, ниту оние занаетчии што сами се сопственици и сами работат во својот дуќан, односно нема можност самиот газда да се пријави и да работи во недела. Листата на занаетчии што не можат да работат во недела е многу поголема, почнувајќи од фризери, шминкери, цвеќари, козметичари, молери, паркетари, плочкари...***

– Во согласност со законското решение и измената на Законот за работни односи („Сл. весник на РСМ" бр. 288/21), дозволено им е само на четири занаетчиски дејности да работат, и **тоа производство на леб и слатки во свежа состојба (пекарници и слаткарници), фотографски дејности, печатење и издавање весници (печатници)**. За сите други дејности е забрането да работат во недела. Со тоа што на занаетчиите регистрирани во согласност со Закон за занаетчиство, и тоа пекари, слаткари, фотографи и печатари, не им се дозволува продажба на нивните производи туку само производство, што доведува до уште поголем револт кај занаетчиите.

**Тие се прашуваат зошто да произведуваат производ што не може истиот ден да го пласираат на пазарот, особено прехранбените производи што не траат повеќе од еден ден, како бурек, бели печива, слатки** – посочува Анета Атанасовска, извршна директорка во Занаетчиската комора.
Од Комората веќе имаат поднесено барање да се прошири листата на дејности што ќе може да работат во недела, бидејќи се стравува оти некои дуќани би можеле целосно да прекинат со работа доколку неделата остане неработен ден.

Претставниците на Занаетчиската комора посочуваат дека барање за да работат во недела имаат поднесено повеќе услужни дејности, како што се **фризер, декоратер на настани, шминкер, цвеќар, поправка на апарати за домаќинствата,** а од секторот занаетчиско производството измени на условите за работа во недела бараат и пекарите и слаткарите и истакнуваат дека веќе се поднесени барања до надлежните институции за да биде проширен опфатот на занаетчии што ќе можат да работат во недела.

**– Поднесени се барања до надлежните институции. Ставот на Занаетчиската комора-Скопје е дека самостојниот вршител на дејност, занаетчијата, не е работник во согласност со Законот за работни односи, бидејќи тие за себе не исплаќаат плата, не исплаќаат регрес за годишен одмор и не експлоатираат работнички труд. Сметаме дека самостојните вршители на дејност може да работат во недела, но бараме надлежните институции писмено да се изјаснат по ова прашање** – објаснува Атанасовска.

Од Занаетчиската комора посочуваат дека изминативе две години откако е почната ковид-кризата занаетчиите се соочиле со огромни загуби, поради што некои од нив биле принудени и да одјавуваат работници поради недостиг од финансии да ги исплатат. Оттаму додаваат дека со воведувањето на законското решение за недела неработен ден им се забранува на занаетчиите да работат во недела, што претставува уште еден голем проблем за нив, но и дополнително влијае кон опасноста од затворање на занаетчиските бизниси.

**– Ова законско решение само им даде можност на нерегистрираните вршители на дејност да остваруваат поголем промет во недела на штета на бизнисот што е регистриран и редовно плаќа придонеси. Нерегистрираните вршители на дејност (фризери, козметичари, маникир и педикир, молери, паркетари, плочкари), бидејќи никој не ги контролира, си работат од понеделник до недела и остваруваат промет. Како пример ќе ги наведеме цвеќарите, кои не можат да работат во недела, но, за разлика од пријавените, регистрираните дуќани, дивите продавачи на цвеќиња во Бутел и на зелените пазари остваруваат најголем промет во недела затоа што тие се во моментов единственото место каде што може да се купи цвеќе во недела** – укажува Атанасовска.
Наедно од Комората апелираат да им се даде можност на занаетчиите сопственици на бизнисите да работат, затоа што со затворањето на дуќаните во недела многу дејности ќе се соочат со финансиски тешкотии. Исто така истакнуваат дека со намалувањето на побарувачката на нивните услуги резултатот ќе биде многу неповолен за занаетчискиот сектор.





## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

На 02.02.2022 година на иницијатива на Занаетчиската комора Скопје, заедно со Министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, претставници на Министерството за труд и социјална политика и директорката на Државен инспекторат на труд Весна Томовска, претседателот на Занаетчиска комора Скопје Горан Ристовски, Претседателот на секцијата цвеќари Љупчо Треневски и извршниот директор Анета Атанасовска оствариме средба на која разговаравме за предизвиците со кои се соочуваат занаетчиите при практичната примена на законското решение недела-ден на неделен одмор.

Посебен акцент беше ставен на работата на самостојните вршители на занаетчиска дејност, и

Заклучокот од средбата е дека дијалогот за ова прашање ќе продолжи со цел изнаоѓање на најсоодветно решение кое ќе одговори на предизвиците, а ќе биде во соработка со Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

# Хартиените кеси се 50 отсто поскапи и плус ги нема

Објавено во: Фактор-Економија01 Декември, 2021



*Пекарите жестоко реагираат на новите правила за забрана на пластичните кеси кои стапија на сила од денеска.*



Велат дека занаетчиите се соочуваат со намалена побарувачка на занаетчиските производи и услуги, проблеми со одржување на ликвидноста на бизнисот, недостаток на финансии за исплата на плати и придонеси за вработените, преоптовареност со парафискални давачки, и проблеми за опстанок во услови на криза од пандемијата со COVID-19.

**„Во моменти кога драстично се зголеми цената на репроматеријалите за пекарски производи (брашно, шеќер, зејтин, и др), стапи на сила и законската регулатива за забрана за користење на кеси за носење на стока, согласно новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување“**, велат од Секцијата на пекари при Занаетчиската комора Скопје.



Тие остро реагираат на новонастанатата ситуација, и дополнителните финансиски трошоци кои ги имаат при набавка на хартиени кеси, кои чинат 50 отсто повеќе од набавката на многу лесните пластични кеси за носење на стока чијашто дебелина е пониска од 15 микрони, и кои претежно ги користеа за пакување на бурек и бели пецива во бурекџилниците.

**„Исто така утринава ни стигнаа реакција од членовите на секцијата пекари дека освен што хартиените кеси се 50 отсто поскапи, и ги нема и се дефицитарни во моментов“**, вели Анета Атанасовска-Занаетчиска комора Скопје.

Пекарите предлагаат измена на Правилникот и дозвола да се користат многу тенките кеси чија што дебелина е пониска од 15 микрони без да се наплатуваат од страна на потрошувачите, затоа што за тоа треба да вработат уште едно лице кое што треба да води евиденција на прилив од средства од кеси, што е навистина невозможно за мали занаетчиски дуќани како што се бурекџилниците.

Исто така предлагаат државата да го субвенционира трошокот за набавка на хартиени кеси за занаетчиите, за да можат финансиски да издржат за да ја почитуваат регулативата. Во спротивно, во овие и така тешки денови за секторот ќе следи затварање на многу занаетчиски бизниси затоа што е невозможно да се издржи овој финансиски товар, велат оттаму.



# ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

Во текот на 2021 и 2022 година во организација на Занаетчиска комора Скопје беа реализирани серија обуки за ментори во кои 50 занаетчии се стекнаа со сертификати за ментори и се подготвија преку обуката за квалитетна реализација на практична обука на ученици од средните стручни училишта.Обуките за ментори се реализираат во организација на Занаетчиска комора Скопје а обучувачи се советници од Центарот за стручно образование и обука на РСМ- Зоран Јовчевски, Роза Арсовска и Бранко Алексовски.










# Проектот ЕРАЗМУС + МАСТЕР 4.0

## во завршна фаза од реализација во период од 2019-2022 година





*На 15.12.2021 во Занаетчиска комора Скопје, во рамките на проектот ЕРАЗМУС + МАСТЕР 4.0 Унапредување на мајсторскиот испит се реализираше полагање за управувачко/правно економскиот дел и на 10.02.2022 година полагање на стручно теоретскиот дел од мајсторскиот испит за козметичар со 20 (дваесет) кандидати за мајсторски испит за козметичар.* Мајсторската титула е ценета и признаена во Европската Унија, како и во земјите партнери на проектот Хрватска, Словенија, Црна Гора и во нашата држава. **Мајсторскиот испит во Република Северна Македонија е на $V^{Б}$ ниво во Националната рамка на квалификација и е на ниво на потсредното образование и се**









**состои од четири дела: практичен дел, стручно-теоретски дел, управувачки - правно/економски дел и педагошко-андрагошки дел.**

Мајсторскиот испит овозможува унапредување во професијата и предност во однос на конкуренцијата затоа што мајсторската диплома ја нагласува извонредноста и квалитетот на производот и услугата. **Преку активностите на проектот МАСТЕР 4.0 се воведува сосема нов пристап за подготовка и спроведување на мајсторскиот испит.** Се подобрува спроведувањето на мајсторскиот испит преку подобрување на програмите за мајсторски испит, прашањата за испит за сите три теоретски делови и воведување онлајн платформа за подготовка и спроведување на мајсторски испити.

Реализирано е полагањето на практичен дел од мајсторски испит за козметичар со првите 20 кандидати мајстори козметичари. Кандидатите реализираа 5 (пет) испитни задачи и тоа класичен третман на лице, депилација, масажа на тело, маникир и педикир пред трочлена комисија во состав: Виолета Марковиќ-мајстор козметичар, Цвете Темова-мајстор козметичар и Лидија Андонова долгогодишен-професор по стручна теорија во профил козметички техничар во СУГС Димитар Влахов... Кандидатите покажаа стручност, вештини и компетенции на мајстори во козметиката. Во рамките на проектот МАСТЕР 4.0 се изработија и програми за мајсторски испит за автомеханичар и пекар кои добија позитивно мислење од Министерот за образование и обука.























Во јануари 2022 се одржа и транснационалниот состанок во Улцин, Црна Гора на кој учествуваше Анета Атанасовска и ги презентираше резултатите од проектот МАСТЕР 4.0. На транснационалниот состанок учествуваа и претставници од Хрватската Занаетчиска комора, Занаетчиската комора на Словенија и Занаетчиската комора на Црна Гора.



# НЕИЗВЕСНОСТА ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР
## ПРОДОЛЖУВА СЕ ДОДЕКА ТРАЕ КОВИД ПАНДЕМИЈАТА

Објава во Нова Македонија 11.06.2021 година

*Доскорешната забрана за организирање свадби и други прослави, но и генерално здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата на коронавирусот, меѓу многубројните занаетчиски дејности, силно ја почувствувале и златарите, кои, како што велат, поради намалената куповна моќ на граѓаните биле принудени повеќе да откупуваат одошто да продаваат златен накит. Како и другите занаетчии, тие добиле помош од државата, но таа им овозможила само да ги задржат вработените.*

**– Нема отпорни занаети на ковид-кризата затоа што атрактивноста на занаетите е поврзана со потребите и платежната моќ на граѓаните. Сите занаети го почувствуваа ударот на пандемијата, со драстично намалување на приходите, отежнати услови за работа со почитување заштитни мерки за работа, постојана дезинфекција на работниот простор. Златарскиот занает почувствува голем пад на приходи во изминатиов период за времетраење на ковид-кризата и во наредниот период очекуваме тешкотии во одржувањето на бизнисите ликвидни** – објаснува Анета Атанасовска, директорка на Занаетчиската комора во Скопје. Златрите зборуваат за тоа како и колку силно нивниот занает ја почувствувал кризата.

**– Побарувачката на златен накит во ова време на пандемија беше никаква. Имаше години кога се правеа и по 15 илјади свадби и се знае дека за секоја свадба се купува и злато за младоженците. Сега којзнае дали имаше и илјада венчавки и побарувачката сосема опадна. Имаше по некои на кои им се родило дете, па се венчаваа за време на пандемијата и ќе купеа бурми и по едно привrзоче и толку. Доаѓаа муштерии наши и кажуваа дека имало и такви што си купувале бижутерија наместо злато, а тоа е потврда дека малку се купуваше злато дури и за вакви пригоди. Знаете ние пред матичарите дознаваме кој ќе се венча, а малкумина имаше такви изминатава година. Имаме четириесетгодишна историја во златарството и знаеме како стоеле работите, но се надеваме дека ќе биде подобро, не сме толку песимисти. Важно успеваме да ги задржиме калфите и немаше отпуштања на вработените** – раскажува Неџмедин Буши, претседател на Секцијата на златари и член на управниот одбор при Занаетчиската комора во Скопје. Буши зборува и за влијанието на светските движења на цените на златото врз овдешниот пазар.

**– Она што претежно се продаваше како наш производ беа бурмите и во зависност од изработката, големината и слично, тие чинат од 4.000 до 9.000 денари. Во ситуација на пандемија цената на златото се менуваше и тоа и кај нас во продажбата се рефлектираше. Минатата година грам 24-каратно злато чинеше 44 евра, а сега чини 50 евра, но нашите очекувања се дека повторно ќе падне под 50 евра. Откупната цена на еден грам 14-каратното злато е 27 евра, а во изработката на парче накит влегува и цената на работната рака. Несреќите, војните, кризите придонесуваат за нестабилност во цената на златото. Во 2011 година, по нападот на Кулите близначки во САД, цената почна рапидно да расте. Тоа се некои трендови што ги следат светските експерти, а ние како занаетчии само се интересираме за тоа** – објаснува Буши. Освен тоа, тој додава и дека новите генерации не се заинтересирани за златен накит и многу се посреќни да имаат некој скап мобилен телефон, отколку парче злато, а и невестите, често, наместо златен накит сакаат да си купат убав автомобил.

И неговиот колега златар, кујунџија и изработувач на филигран Џељадин Асани, познат како мајстор Џељо, потврдува дека пандемијата многу влијаела, како на побарувачката така и на порачките за изработка на накит, или како што тој на шега вели, пандемијата дозволила во реката да тече по малку вода колку да не секне.

**– Цената на златото на светската берза достигна 50 илјади евра за килограм, а ова што ние го работиме е легура од 14-каратно злато и еден грам чини 27 евра. Немаше којзнае каква побарувачка лани, ниту пак којзнае колку се купува златен накит и сега. Овде-онде понекој ќе купеше понекоја бурма, ланче, обетки за сршувачка или парче накит за раѓање на дете. Криза е сè уште, луѓето се во страв за своето здравје. За лекови или за да го закопаат блискиот, имаше луѓе што од себе го вадеа златниот накит и го продаваа. Имаше жена што овде во дуќан ги извади обетките од ќерка си за да ми ги продаде. Имаше овде-онде и понекоја нарачка за изработка на некое парче филигран за родендени, но се заработува колку за опстанок** – загрижено сумира мајстор Џељо.

# Одржано редовно годишно Собрание на Занаетчиска комора Скопје за 2022 година




На ден 13.04.2022 година се одржа редовното годишно собрание во Занаетчиска комора Скопје со кое преседаваше Претседателот на Собранието Алберт Укајдари. На Собранието беа усвоени годишната програма за работа, финансискиот план, извештајот за работењето на ЗКСкопје и финансискиот извештај од работењето на ЗКСкопје. Членовите на Собранието го дополнија планот за работа на Занаетчиска комора Скопје со предлог за изготвување на Стратегија за спречување на сивата економија во занаетчискиот сектор

# Реализирани средби со кандидати за градоначалници за Град Скопје и презентирана предлог програма за развој на занаетчиството во градот Скопје





Занаетчиска комора Скопје реализираше средби со повеќе кандидати за градоначалници за град Скопје на кои им беше презентирана програмата за развој на занаетчиството во градот Скопје. Работни средби беа одржани со кандидатите за градоначалници за град Скопје и тоа: Даниела Арсовска, Петре Шилегов, Наташа Котлар и Ана Петровска. Исто така работни средби се одржаа со кандидатот за градоначалник на Општина Центар -Горан Герасимовски и Висар Ганиу - кандидат за градоначалник на општина Чаир. Програмата за развој на занаетчиството беше доставена до сите кандидати за градоначалници со посочување на проблемите со кои се соочува занаетчискиот сектор во градот Скопје и предлози за субвенционирање и развој на занаетчиите.

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ СТАЖ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ

Самостојните вршители на дејност кои сеуште го немаат регулирано стажот до 31.12.1993 година ќе мораат да поднесуваат барање до Управата за јавни приходи за издавање на уверение за платени даноци и придонеси.

При поднесување на барањето до Управата за јавни приходи задолжително кон барањето да приложат решение за вршење на дејност, односно решение за престанок на дејност, доколку престанале да вршат дејност.

Овие документи се потребни за пронаоѓање на досието на даночниот обврзник во архивата на УЈП.

Бидејќи голем дел од самостојните вршители на дејност заостанатите обврски по осмнов неплатен придонес за ПИО до 31.03.1997 ги имаат измирено со дисконт и пресметка и уплатница за дисконтно плаќање.

**ПИО плаќањето е извршено на сметка на Фондот за ПИОМ, со пресметката за дисконт и уплатницата треба да се јават во подрачната единица на фондот за ПИОМ која ќе му издаде потврда за уплата на придонесот за ПИОМ.**

Учество на Занаетчиска комора Скопје на панел дискусија на тема:

# Синергија на партнерите во обезбедување пазарно ориентирано стручно образование и обука



Занаетчиската комора Скопје со својот претставник Анета Атанасовска учествуваше на панел дискусија која имаше за цел да ги нагласи потребите на домашните институции, работодавачите и коморите за што посилно координирање на национално ниво, заради унапредување на стручното образование и обука.

Само преку пазарно-ориентирано образование и вклученост на сите чинители може да се обезбеди млад и стручен кадар за целокупната економија.

# Работна средба на секцијата фризери при Занаетчиска комора Скопје со Министерство за образование и наука на РСМ



Занаетчиската комора Скопје со Претседателот Горан Ристовски и претседателството на секцијата фризери при Занаетчиска комора Скопје реализираше работна средба со Министерката за образование и наука г-ѓа Мила Царовска. На работната средба беа презентирани проблемите со кои се соочуваат работодавачите при реализацијата на практичната обука на ученици од средните стручни училишта, потребата од поголем број на часови за практична обука преку измената на програмите за практична настава во средното стручно образование на профилот фризер. Во текот на месец март 2022 година покрената е иницијатива до Министерството за образование и наука на РСМ и Центарот за стручно образование и обука со потписи од 60 занаетчии и вршители на занаетчиска дејност за измена на програмите за практична настава и зголемување на бројот на часови на практична настава кај работодавач во образовниот процес.



## Одржана работна средба со претставници на Средни стручни училишта во Занаетчиска комора Скопје

7.10.2021

Претседателот на Занаетчиска комора Скопје, Горан Ристовски одржа работна средба со раководителот на сектор за образование во град Скопје г-ѓа Даниела Адамова и претставниците на средните стручни училишта во град Скопје. Главна цел на денешната средба е проширување на соработката со сите средни училишта во град Скопје и планирање заеднички активности за подобрување на имиџот на занаетчиството, зголемување на бројот на ученици во средните стручни училишта и реализација на практична обука кај работодавачи со мајсторски и менторски испит.

## Одржана работна средба со претставниците на Управата за Јавни Приходи

27.05.2021





Во просториите на  Занаетчиска комора Скопје се реализираше работна  средба со директорката на Управата за јавни приходи Сања Лукаревска и заменик директорот Авдуљ Селам - Селами. На средбата беа присутни Претседателот на Занаетчиска комора Скопје Горан Ристовски, претседателот на секцијата златари и член на Управниот одбор на комората Неџмедин Буши и извршниот директор на ЗКСкопје Анета Атанасовска. Се разви конструктивна дискусија за :

- превземање на активности за намалување на сивата економија во занаетчискиот сектор
- за изменување и дополнување на Законот за ДДВ со разгледување на можноста за намалување на стапката на ДДВ за сите занаетчиски дејности
- намалување на парафискалните давачки на занаетчиите

Занаетчиската комора Скопје останува отворена за понатамошни предлози за развој и унапредување на занаетчискиот сектор.










## БАЗАРИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ПО ПОВОД

# НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ И ДЕНОТ НА ЖЕНАТА 8-МИ МАРТ

Занаетчиска комора Скопје организираше продажни базари за секцијата домашни ракотворби и уметнички занаети во Градски Трговски Центар и Рамстор Мол по повод Новогодишните и Божиќните празници и Денот на жената 8-ми март во 2022 година. Интересот за учество на базарите од страна на занаетчиите е особено зголемен и е од особена важност за развојот на креативното занаетчиство .









# Успешно реализирана уште една обука за филигран во филигрантската работилница во Занаетчиска комора Скопје

Во декември 2021 година се реализираше завршен испит за филигран на групата филигранисти кои со успех ја завршија шестмесечната обука за филигран. Завршниот испит за практичен дел заврши со успех за сите 5 кандидати кои се стекнаа со сертификат за успешно завршена обука за филигран преку посебна програма за возрасни верифицирана преку ЦОВ И МОН.







## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

- Регистрација на занаетчии преку едношалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО,ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Изготвување на МПИН за занаетчии-паушално оданочени
- Изготвување на ЕПДД за закуп
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети и финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
    - Систематски прегледи
    - Обуки за прва помош
    - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
    - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Организирање на деловни средби,учество на семинари, настапи на саеми и базари за своите членови
- Организирање на обуки за занаетчиски занимања  во Центарот за образование на возрасни на Занаетчиска комора Скопје

веб страна: www.zkomora.com.mk
FB. Zanaetciska Komora Skopje Skopje
Издава: Занаетчиска комора Скопје
Ул. Битпазарска бр.12, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0) 23237-850 Централа
Email: info@zkomora.com.mk

Дизајн и припрема:
Анета Атанасовска

Печати: Европа 92
ISSN 1857-8322